Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002), а во врска со Записник од Комисија за финансии и буџет со арх.бр.08-641/2 од 29.01.2024, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 38-та седница, одржана на ден 30.01.2024 година, донесе,

**О Д Л У К А**

**за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци одобрува финансиски средства во вкупен износ од 90.000 денари на Сафет Бекировски од с.Раец Кавадарци, за опожарена куќа во с.Раец - Кавадарци.

**Член 2**

Финансиските средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година, на следната трансакциона сметка:

-200003268672333- депонент Стопанска Банка, со ЕМБГР:2206992424006.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08- 625/40** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.01.2024 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување Одлука за кофинансирање на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот “Изградба на влезна и излезна лента на регионален пат Р1107, Росоман-Кавадарци, за оформување на крстосница кон населено место Глишиќ, Општина Кавадарци,,**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за кофинансирање на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот “Изградба на влезна и излезна лента на регионален пат Р1107, Росоман-Кавадарци, за оформување на крстосница кон населено место Глишиќ, Општина Кавадарци,,, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.01.2024 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-939/41** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**01.02.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/2005...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 38-та седница, одржана на ден 30.01.2024 година, донесе ,

**О Д Л У К А**

**за кофинансирање на Општина Кавадарци-Локална самоуправа, во реализација на проектот “Изградба на влезна и излезна лента на регионален пат Р1107, Росоман-Кавадарци, за оформување на крстосница кон населено место Глишиќ, Општина Кавадарци,,**

**Член 1**

Општина Кавадарци-Локална самоуправа ќе учествува со сопствени средства во реализација на Проектот ,,Изградба на влезна и излезна лента на регионален пат Р1107, Росоман-Кавадарци, за оформување на крстосница кон населено место Глишиќ, Општина Кавадарци,, , со тех.бр.17/22, септември 2022 година, изработен од Тајфа Архитекти ДООЕЛ, увоз –извоз-Куманово .

**Член 2**

Вкупната вредност на проектот изнесува 4.000.000 денари со вклучен ДДВ, учеството на Општина Кавадарци - Локална самоуправа е во износ од 2.000.000 денари, остатокот од 2.000.000 денари е учество на ДООТПУ СЛОГА ПРОМ ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, за што ќе се склучи Договор за кофинансирање за реализација на проектот и Договор за донација на финансиски средства.

**Член 3**

Финансиските средства за учеството на Општина Кавадарци - Локална самоуправа, од член 2 ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година.

**Член 4**

Проектот опфаќа изградба на влезна и излезна лента на регионален пат Р1107, Росоман-Кавадарци, за оформување на крстосница кон населено место Глишиќ, Општина Кавадарци.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на ОпштинаКавадарци.

**Бр.08- 625/41** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.01.2024 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за субвенционирање на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ КАВАДАРЦИ**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за субвенционирање на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ КАВАДАРЦИ, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.01.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-939/42** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**01.02.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002), а во врска со Барање бр.03-67/1 од 25.01.2024 година, доставено од ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци и Програмата за работа на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ КАВАДАРЦИ за 2024 година, со арх.бр. 08-7144/48 од 04.12.2023 година, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/2005...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 38-та седница, одржана на ден 30.01.2024 година, донесе ,

**О Д Л У К А**

**за изменување и дополнување на Одлуката за субвенционирање на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ КАВАДАРЦИ**

**Член 1**

Во Одлуката за субвенционирање на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ КАВАДАРЦИ со арх.бр.08-7480/26 од 21.12.2023 година (,,Службен Гласник на Општина Каваадрци“ бр.44/21) се врши следната измена и дополнување:

I.

Во член 1 став 1 алинеја 2 зборовите ,,Општина Кавадаци“ СЕ ЗАМЕНУВААТ со зборовите ,,Република Северна Македонија.

Во член 4 став 1 зборовите ,,Општина Кавадаци“ СЕ ЗАМЕНУВААТ со зборовите ,,Република Северна Македонија. :

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08- 625/42** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.01.2024 година** **Претседател,**

**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување Решение за разрешување и именување на претставник на Општина Кавадарци во Управниот Одбор на**

**ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Решение за разрешување и именување на претставник на Општина Каваадрци во Управниот Одбор на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.01.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-939/43** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**01.02.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 183 од Законот за заштита на децата (,,Сл.весник на РСМ бр.104/19....65/23), член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр.5/02), 132 став 3 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 38-та седница, одржана на ден 30.01.2024 година, донесе ,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за разрешување и именување на претставник на**

**Општина Каваадрци во Управниот Одбор на**

**ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Кавадарци**

**Член 1**

Се разрешува Јанинка Леова - член во Управниот Одбор на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Кавадарци, именувана со Решение бр.08-6055/26 од 14.11.2019 година.

За член на Управниот Одбор на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Кавадарци – претставник на Општина Кавадарци, **СЕ ИМЕНУВА :**

-Марија Камчева - вработена во Општина Кавадарци.

**Член 2**

Мандатот на именуваната во Управниот Одбор на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Кавадарци е во траење од 4 (четири) години.

**Член 3**

Решението да се достави до разрешената, именуваната, ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Кавадарци и архивата на Општина Кавадарци.

**Член 4**

Решенето влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08- 625/43** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**30.01.2024 година** **Претседател,**

**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување за Правилник за подготовка, аплицирање и реализација на предлог проекти**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Правилник за подготовка, аплицирање и реализација на предлог проекти, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.01.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-939/44** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**01.02.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.5/2002), а согласно Програма за развој на невладиниот сектор на Општина Кавадарци за 2024 година на Општина Кавадарци за 2024 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.44/23), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20, 75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 38-та седница, одржана на ден 30.01.2024 година, донесе ,

**ПРАВИЛНИК**
**за подготовка, аплицирање и реализација на предлог проекти**

Правила за подготовка, аплицирање и реализација на предлог проекти од Граѓански организации и Фондации од страна на општина Кавадарци во рамките на јавниот повик за прибирање предлог проекти по приоритетните области, Стратешка област - развој на лозарство, винарство и вински туризам, Поддршка на лица од ранливи категории, Програма на младински центар од Програмата G1 Поддршка на НВО од буџетот на Општина Кавадарци.

**I.Програма за НВО по јавен повик**

Важна напомена која се однесува на задолжително почитување на правилата во процесот на подготовка, аплицирање и реализација на предлог – проектите со кои Здруженијата на граѓани и Фондации ќе аплицираат на јавните повици.

Правила за подготовка – аплицирање

***Правило бр.1***

1.1. Организацијата која има намера да аплицира на јавниот повик за да може да се јави како самостоен апликант, регистирана како организација на територијата на Општина Кавадрци или како апликант со друга партнер организација регистрирана на територијата на Општина Кавадарци.

1.2. Организацијата која се јавува како апликант на јавниот повик не смее да се јави како партнер на друг проект од друга организација (апликант) на истиот повик, односно партнер организацијата која веќе се јавува како партнер на проект на јавниот повик не смее да се јави како самостоен апликант или партнер на друг проект.

1.3. Двете организации кои се јавуваат со заеднички проект на јавниот повик без разлика дали се јавуваат како апликант или партнер организацијата во истиот проект ја имаат истата важност пред општината.

1.4. Апликантите кои се јавуваат на јавниот повик, а во претходните две години не се финансиски поддржани од општината во рамките на претходните јавни повици или на било кој друг начин од буџетот на општината, ќе имаат предност пред другите апликанти кои во претходните две години биле финансики поддржани од општината, доколку ги задоволат останатите критериуми во јавниот повик во рамките на поднесена целокупна проектна документација.

***Правило бр.2***

2.1. Предлог – проектот со кој граѓанската организација (апликантот) аплицира на јавниот повик, мора да бидат целосно компактибилни со наведените приоритетни области и точно наведени под теми во јавниот повик, опишани и во насоките и упатствата кои се составен дел на јавниот повик.

2.4. Не е дозволено никакво тематско отстапување на предлог – проектите со кои се аплицира од наведените приоритетни области и под теми дадени во јавниот повик и во насоките за аплицирање.

***Правило бр.3***

3.1. Проектите мора да бидат иновативни, реално остварливи со индикатори за успех и потврдени резултати кои во иднина ќе гарантираат негова одржливост.

3.2. Предлог – проектите со кои апликантите се јавуваат на јавниот повик, односно нивната реализација мора исклучиво да биде базирана на подобрување на условите за живот и функционирање:

- **Унапредување или подобрување на инфраструктурата (економска, социјална, еколошка, образовна, здравствена, културолошка, младинска) или**
- **Социјални сервисни услуги за сите ранливи категории на граѓани на територија на Општина Кавадарци.**

***Правило бр. 4***

4.1. Апликантите кои имаат намера да аплицираат на јавниот повик во процесот на буџетирање (планирање) на буџетот на предлог – проектот мора да имаат во предвид дека општината согласно за распределба на финансиски средства по јавен повик од програмата Г1 – Поддршка на ЛЕР, може да поддржи проект со најмногу 300.000,00 денари и најмалку 50.000,00 денари во зависност од освоените бодови по утврдените критериуми за евалуација и оценка.

4.2. Организацијата која аплицира на јавниот повик може да учествува со ко-финансирање со сопствени средства во износ кој самиот ќе го предвиди, но истото не е задолжително.

4.3. Апликантите мора во процесот на буџетирање на предлог проектот да обрнат внимание на единствено прифатлива буџетска структура на предлог – проектот (главни три буџетски линии):

1. **Индиректни трошоци**
   1.1. Човечки ресурси и други технички ресурси
   (најмногу 20% од доделениот грант-финансиска помош)
2. **Директни трошоци**
   2.1. Инфраструктура (набавки, зафати, интервенции, или
   2.2. Социјални сервисни услуги
   (најмногу 75% од доделениот грант-финансиска помош)
3. **Видливост-промоција**
   3.1. Печатена или медиумска промоција
   (најмногу 5 % од доделениот грант-финансиска помош)

4.4. Предлог – проектите (реализацијата) треба да биде планирана во рамките на 10 месечен период на имплементација.

Важна напомена за апликантите!

1. Општина Кавадарци во рамките на јавниот повик за **поддршка на граѓанските организации** од Програмата G1 Поддршка на НВО од буџетот на општина Кавадарци за 2024 година *не поддржува проекти во кои има:*

   1. Едукации, обуки и семинари кои се оддржуваат надвор од територијата на Република Северна Македонија.
   2. Реконструкција и изградба на објекти во приватна сопственост.

Сите апликанти кои се јавуваат на јавниот повик, мораат да достават комплетна пријава со целокупна документација опишана во јавниот повик и насоките за аплицирање, во спротивно без отстапки ќе бидат иземени од понатамошниот процес на евалуација – оценување.

***Правила за реализација – имплементација!***

***Правило бр. 1***

1.1.Реализацијата на предлог – проектите треба да се планира во период не подолг од 10 месеци.

1.2.Реализација на предлог – проектите е предивдено во периодот од потпишување на договорите до крајот на календарската година.

1.3. Поднесувањето на комплетните завршни наративни и финансиски извештаи е во согласност со потпишаниот договор со можност за отстапки за евентуално продолжување на истиот од оправдани причини, но не покасно од десет дена по крајниот рок за поднесување на извештаите или најкасно десет дена по завршувањето на проектот во случај на продолжување на истиот.

*I.* ***Правило бр.2***

2.1. Одобрените предлог проекти се финансираат од Буџетот на општина Кавадарци од планираните финансиски средства во Програмата Г1- Поддршка на НВО по претходно донесување на Одлука за распределба на финансиски средства од Буџетот на општина Кавадарци за 2024 година.
2.2. Највисокиот износ кој ќе се доделува за проекти е 300.000,00 денари.

2.3. Најнискиот износ кој ќе се доделува за проекти е 50.000,00 денари.

2.4. Секторот за Финансии и Буџет при општината, одобрените финансиски средства како грант за секој одобрен проект по Одлуката за распределба на финансиски средства од Буџетот на општина Кавадарци за 2024 година ги исплатува согласно врз основа на претходно склучен Договор за динансирање согласно моменталните состојби на општината кои се однесуваат на исполнувањето на Буџетот.

2.5. Во услови на настанати проблеми во однос на исполнувањето на Буџетот општината го задржува правото на прекин на грантот и за тоа не презема одговорност пред грантистите.

*II.* ***Правило бр.3***

3.1 Крајниот рок за поднесување на апликациите е 15 дена од денот на објавување на Јавниот повик на општинската веб страница.

3.2 Градоначалникот формира комисија за евалуација, оценување и следење на критериумите за имплементација на проектите со Решение. Истата комисија дава предлози, мислење и заклучоци во врска и со доставените Програми за стратешки области. Членовите на комисијата заради непристрасност и професионалност во постапката потпишуваат изјава. Комисијата изготвуват ранг листа од евалуацијата и оценувањето и истата ја доставува до Градоначалникот. Предлог одлуката се доставува до Советот на Општина Кавадарци за усвојување, по што се објавува во службено гласило и на веб страната на општината.

### III. Правило бр.4

4.1. По објавувањето на Одлуката за распределба на финансиските средства по проекти во рамките на јавниот повик, Градоначалникот во рок од 5 дена склучува поединечни договори со сите грантисти во кои се регулираат меѓусебните права и обврски на договорните страни.

4.2. Одобрените финансиски средства, општината по договор ги трансферира на носечката организација која се здобила со правото да користи општински буџетски средства во две еднакви транши.

### IV. Правило бр.5

5.1. Организациите кои се здобиле со право на користење финансиски средства од општината, единствено можат истите да ги користат на начин прикажан и одобрен во буџетот за секоја буџетска линија- поединечна активност (ставка) и не смеат да вршат прелевање од ставка во ставка или буџетска линија и тоа на месечно ниво.

5.2. Организациите кои се здобиле со право на користење финансиски средства од Буџетот на општината, реализацијата на активностите мора да ја вршат согласно прифатениот и одобрениот план на активности во прикажаната временска рамка без отстапки освен во случај на Виша сила.

5.3. Организациите кои се здобиле со право на користење финансиски средства од општината на крајот на реализацијата поднесуваат завршен комплетен наративен и финансиски извештај со цела комплетна документација за проектното и финансиско работење согласно Договорот.

5.4. Комисијата доколку констатира од извештаите дека Организацијата која користи општински буџетски средства не постапува соодветно на договорот и во таа насока работела погрешно како во однос на проектното работење така и во однос на финансиското работење општината го задржува правото на повраток на финансиските средства.

5.5. Општината преку Комисијата за евалуација, оценување, следење и имплементација на проекти целиот процес го следи и контролира и изготвува Извештај кој го доставува до Комисијата за локален економски развој.

5.6. Секоја организација која како грантист користи општински буџетски средства има обврска во сите свои печатени материјали и јавни настапи поврзани со проектот кој што е предмет на склучениот Договор, да наведе дека се реализира во партнерска соработка со Општина Кавадарци, односно на видливо место на печатените материјали или на објавите на веб страницата на организацијата или на новите медиуми (ФБ) треба да стои логото на двете партнер организации.

5.7. Имплементирачката организација е должна да врши објава на главните клучни активности и во таа насока достигнување и резултати на своите веб страни или на ФБ како и на општинската Веб страница редовно да ги информира граѓаните за сите проектни тековни и во таа насока завршни активности.

*V.* ***Правило бр.6***

6.1. Општината и грантистите согласно одредени состојби предизвикани од Виша сила, се согласни по претходен договор да ги менуваат или ја прекинат реализацијата на проектните активности доколку се констатира дека истите не е возможно да се реализираат и во таа насока да го прекинат нивното финансирање.

*VI.* ***Правило бр.7***

7.1. Во однос на транспарентноста и отчетноста општината, јавниот повик го објавува на својата веб страница и во локоланите медиуми.

7.2. Одлуката од Советот на општина Кавадарци за финансиска поддршка на здруженија се објавува во службено гласило и на општинската веб страна.

7.3. Здруженијата кои добиле финансиска поддршка од Буџетот на општина Кавадарци редовно подготвуваат прилози и објави на својата веб страниза и ФБ профил за секоја од реализациите и достигнувањата на поединечните проекти.

7.4. По завршувањето на реализацијата на сите проекти од грантистите врз основа на завршните извештаи по точка 3.2 подготвува извештај за достигнувањата и постигнатата промена.

7.5. Доколку се случат било какви неправилности или прекин на финансирањето на проектите на било кој од грантистите заради неправилности и не добро управување со проектниот и финансискиот циклус, општината без исклучок на својата веб страница јавно ќе ги објави истите и причините за тоа.

**II. Стратешка област - Развој на лозарство, винарство и вински туризам**

Како стратешка област, истата има огромно значање за локалниот економски развој на општината и затоа винариите и дестилериите од овој крај добиваат финансиска поддршка за реалзирање на нивните активности за развој на лозарството и винарството.
Горенаведените здруженија имаат право да поднесат предлог програми до Советот на Општина Кавадарци. На предлог на комисијата од точка 3.2 од овој Правилник доставува предлог одлука за финансиска поддршка од Градоначалникот до Советот на Општина Кавадарци. Донесената Одлука се објавува на веб странатa на општина Кавадарци, а врз основа на Одлуката се склучува Договор за финансиска поддршка.

**III. Поддршка на Здруженија на лица од ранливи категории**

**IV. Програма на Младински Центар**

**V. Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство**

**VI.Нула глад**

Финансиските средства од точка III,IV,V и VI од Програмата за НВО, и тоа: Здруженијата на лица од ранливи категории, Програма на Младински Центар, Советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство и Нула глад, финансиските средства ќе се реализираат врз основа на доставено Барање од страна на здруженијата кои работат со ранливи категории на лица. Барањето го разгледува Комисија за ЛЕР на Советот на Општина Кавадарци која доставува предлог заклучок до Градоначалникот кој донесува Решение за исплата на Здруженијата .

Правилникот влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08- 625/44** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.01.2024 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/2005….75/21),
Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување за Одлука за финансиска поддршка од Буџетот на Општина Кавадрци за 2024 година на Здружение на Тиквешки Семејни Винарии**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за финансиска поддршка од Буџетот на Општина Кавадрци за 2024 година на Здружение на Тиквешки Семејни Винарии, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.01.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-939/45** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**01.02.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр. 5/2002), а согласно Програмата за развој на невладиниот сектор на Општина Кавадарци за 2024 година („Сл.Гласник на

Општина Кавадарци“ бр. 44/23), Записник од Комисијата за локален економски развој со арх.бр.08-831/2 од 30.01.2024 година, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци(,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/05,14/10,24/10,38/19, 64/20,75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 38-та седница, одржана на ден 30.01.2024 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**за финансиска поддршка**
**од Буџетот на Општина Кавадрци за 2024 година**
**на Здружение на Тиквешки Семејни Винарии**

**Член 1**

Советот на Општина Кавадарци ја усвојува Програмата на здружение на „Тиквешки семејни винарии“ со арх.бр. 08-746/1 од 25.01.2024 година, со финансиска поддршка во износ од 530.000,00 денари, со намена за реализација на активностите по Програмата на здружението, за што ќе се склучи договор

**Член 2**

Финансиските средства од став 1 на овој член ќе се исплатат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година, Програма Г1, конто 463190 на Здружение на Тиквешки Семејни Винарии на следната жиро сметка, 250001004061467, депонент Шпаркасе Банка АД Македонија Скопје

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08- 625/45** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.01.2024 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување за Одлука за финансиска поддршка**
**од Буџетот на Општина Кавадрци за 2024 година**
**на Здружение на Македонски дестилерии**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за финансиска поддршка
од Буџетот на Општина Кавадрци за 2024 година на Здружение на Македонски дестилерии, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.01.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-939/46** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**01.02.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр. 5/2002), а согласно Програмата за развој на невладиниот сектор на Општина Кавадарци за 2024 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци“ бр. 44/23), Записник од Комисијата за локален економски развој со арх.бр.08-831/2 од 30.01.2024 година, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци(,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/05,14/10,24/10,38/19, 64/20,75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 38-та седница, одржана на ден 30.01.2024 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**за финансиска поддршка**
**од Буџетот на Општина Кавадрци за 2024 година**
**на Здружение на Македонски дестилерии**

**Член 1**

Советот на Општина Кавадарци ја усвојува Програмата на здружение на „Македонски дестилерии“ со арх.бр.08-7264/2 од 04.12.2023 година со финансиска поддршка во износ од 200.000,00 денари, со намена за реализација на активностите по Програмата на здружението, за што ќе се склучи договор.

**Член 2**

Финансиските средства од став 1 на овој член ќе се исплатат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година, Програма Г1, конто 463190 на Здружение на Македонски дестилерии на следната жиро сметка, 250010302383012, депонент Шпаркасе Банка АД Македонија Скопје.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08- 625/46** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.01.2024 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување за Одлука за финансиска поддршка**
**од Буџетот на Општина Кавадрци за 2024 година**
**на Здружение ,,Винотек“**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за финансиска поддршка

од Буџетот на Општина Кавадрци за 2024 година Здружение ,,Винотек“, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.01.2024 година.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-939/47** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**01.02.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр. 5/2002), а согласно Програмата за развој на невладиниот сектор на Општина Кавадарци за 2024 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци“ бр. 44/23), Записник од Комисијата за локален економски развој со арх.бр.08-831/2 од 30.01.2024 година, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци(,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/05,14/10,24/10,38/19, 64/20,75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 38-та седница, одржана на ден 30.01.2024 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**за финансиска поддршка**
**од Буџетот на Општина Кавадрци за 2024 година**
**на Здружение ,,Винотек“**

**Член 1**

Советот на Општина Кавадарци ја усвојува Програмата на здружение „Винотек“ со арх.бр. 08-755 од 25.01.2024 година, со финансиска поддршка во износ од 370.000,00 денари, со намена за реализација на активностите по Програмата на здружението, за што ќе се склучи договор.

**Член 2**

Финансиските средства од став 1 на овој член ќе се исплатат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година, Програма Г1, конто 463190 на Здружение ,,Винотек“ на следната жиро сметка, 250010301601386 депонент, Шпаркасе Банка АД Македонија Скопје**.**

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08- 625/47** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.01.2024 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување за Одлука за финансиска поддршка**

**од Буџетот на Општина Кавадрци за 2024 година**
**на Здружение ,,Ж-та“**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за финансиска поддршка

од Буџетот на Општина Кавадрци за 2024 година Здружение ,,Ж-та“, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.01.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-939/48** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**01.02.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр. 5/2002), а согласно Програмата за развој на невладиниот сектор на Општина Кавадарци за 2024 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци“ бр. 44/23), Записник од Комисијата за локален економски развој со арх.бр.08-831/2 од 30.01.2024 година, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци(,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/05,14/10,24/10,38/19, 64/20,75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 38-та седница, одржана на ден 30.01.2024 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**за финансиска поддршка**
**од Буџетот на Општина Кавадрци за 2024 година**
**на Здружение ,,Ж`та “**

**Член 1**

Советот на Општина Кавадарци ја усвојува Програмата на здружението „Ж`та“ со арх.бр.08-754/1 од 25.01.2024 година, со финансиска поддршка во износ од 200.000,00 денари, со намена за реализација на активностите по Програмата на здружението, за што ќе се склучи договор.

**Член 2**

Финансиските средства од став 1 на овој член ќе се исплатат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2024 година, Програма Г1, конто 463190 на Здружение Здружение ,,Ж`та“ на следната жиро сметка, 250010302370790, депонент Шпаркасе Банка АД Македонија Скопје.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08- 625/48** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.01.2024 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување за Одлука за давање согласност на Одлука со арх.бр.02-281/3 за обезбедување на парични средства на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност на Одлука со арх.бр.02-281/3 за обезбедување на парични средства на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.01.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-939/49** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**01.02.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” 5/2002) а во врска со член 11 од Законот за јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96....35/19 и ,,Сл.весник на РСМ“ бр.275/19.....274/2022), и член 82 став 1 точка 31, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05.....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 38-та седница одржана на ден 30.01.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност на Одлука со арх.бр.02-281/3 за обезбедување на парични средства на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлука со арх.бр.02-281/3 за обезбедување на парични средства на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци на седница одржана на ден 29.01.2024 година .

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во ,,Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08- 625/49** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.01.2024 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/2005....75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување Заклучок за усвојување на Наративниот и финансиски извештај на РСЦ-Женски Центар Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Наративниот и финансиски извештај на РСЦ-Женски Центар Кавадарци, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.01.2024 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-939/50** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**01.02.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр. 5/2002), расправајки по Наративниот и финансиски извештај на РСЦ-Женски Центар Кавадарци, член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/05,14/10,24/10,38/19, 64/20,75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 38-та седница, одржана на ден 30.01.2024 година, донесе ,

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Наративниот и финансиски извештај на РСЦ-Женски Центар Кавадарци**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Наративниот и финансиски извештај на РСЦ-Женски Центар Кавадарци, доставен од ЗРЕ –Визија Кавадарци за период од 02.09.2022 до 30.10.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во ,, Службен гласник на Општина Кавадарци"

**Бр.08- 625/50** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.01.2024 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,,бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/2005….75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување Заклучок за усвојување на Програмата за работа за давање на социјална услуга за 2024 година на РСЦ-Женски Центар Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Програмата за работа за давање на социјална услуга за 2024 година на РСЦ-Женски Центар Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 30.01.2024 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-939/51** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**01.02.2024 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**

**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.Весник на РМ,, бр. 5/2002), расправајки по Програмата за работа за давање на социјална услуга за 2024 година - Советувалиште за жени и деца жртви на семејно и родово базирано насилство на РСЦ-Женски Центар Кавадарци, член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (,,Сл.Гласник на Општина Кавадарци,, бр.08/05,14/10,24/10,38/19, 64/20,75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 38-та седница, одржана на ден 30.01.2024 година, донесе ,

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување Програмата за работа за давање на социјална услуга за 2024 година на РСЦ-Женски Центар Кавадарци**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Програмата за работа за давање на социјална услуга за 2024 година - Советувалиште за жени и деца жртви на семејно и родово базирано насилство на РСЦ-Женски Центар Кавадарци.
2. Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во ,, Службен гласник на Општина Кавадарци"

**Бр.08- 625/51** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.01.2024 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**